Врз основа на член 17-ѓ, член 26 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), и член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 ноември 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување од должноста в.д. член и именување на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем**

1. Од должноста вршител на должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, поради истек на мандатот, се разрешува Лидија Неданоска.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, се именува Гордана Јованоска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Број 15 - 12050/1**
**14 ноември 2023 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**D-r Artan Grubi**

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

Јас сум м-р Гордана Јованоска родена во Охрид.

Сопруга и мајка на студентка.

Мојот образовен и професионален пат изгледа вака:

Во 2014 година магистрирав на Факултетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Сега сум м-р по Менаџмент и човекови ресурси.

Економски факултет завршив во Прилеп и по дипломирањето се стекнав со звањето дипл. економист - кибернетичар.

Пред тоа студирав и дипломирав на Електромашинскиот факултет во Битола каде завршив на отсекот електро и се стекнав со диплома ел. инж.енергетичар VI /1 степен.

Мојата професионална кариера ја започнав со вработувањето во АД ЕМО - Охрид каде останав девет години и таму мојата последна работна задача беше финансиски раководител во ДООЕЛ Трансформатори.

Од 10. 11, 2008 година сум вработена во ЈП „Билјанини Извори " како самостоен финансиски раководител.

Во два наврати бев директор на ЈП „Билјанини Извори" – Охрид во различни временски периоди во вкупно траење од 7 години.

Горадана Јованоска – Охрид

2.10.2023 Охрид